УДК: 141.72:141.82

305-055.2:141.82

**Стефан ВАСЕВ**[1]

# ПОВРЗУВАЊЕТО НА ФЕМИНИЗМОТ И ЖЕНСКОТО ДВИЖЕЊЕ СО МАРКСИСТИЧКАТА ТЕОРИЈА И ПРАКСА

Марксизмот како идеологија и теорија која била (è) исклучително доминантна во политичките заложби и акции во дваесеттиот век, а се произлезени од учењето на Карл Маркс и Фридрих Енгелс, даваат интересен поттик за анализа низ призмата на феминистичкото движење и теорија. Марксистичкото влијание врз феминизмот било исклучително волуменозно, а со тоа и марксизмот добил и свои приврзаници, т.е. жените. На извесен начин може да се констатира дека политичкото учество на жените во општеството било проектирано во марксистичките идеи и од социјализмот, како прво општествено уредување по теориите на марксизмот. Марксизмот поаѓа од ставот дека експлоатацијата на жените е во голема мера поткрепена од капиталистите, оттука теоритичарите на марксизмот сметаат дека капитализмот, а не патријархатот е главниот извор на женското потчинување, а капиталистите се тие кои профитираат од таквата положба на жената во општеството. Според марксизмот токму неплатениот женски (домашен) труд е еден од главните виновници за женската експлоатација. Но, дали првата држава во која се инсистирал социјалистичко-утопискиот систем (марксиситичката идеја) практично ги применила идеите на женското (феминистичко) движење? Колку учењата на Маркс дале придонес кон општите феминистички теории во и надвор од марксистичкиот феминизам? Една несомнена придобивка која жените ја добиле во социјализмот, а која произлегува од економската детерминистичка природа е целосно вклучување на жените во работната сила, односно економска независност.

*Клучни зборови: марксизам; социјализам; женско прашање; феминизам; експлоатација; ослободување.*

## Вовед

Марксизмот е една од доминантните теории на дваесеттиот век, а неговото потекло се поврзува со творештвото на Карл Маркс и Фридрих Енгелс, чије дејствување започнува во втората половина на деветнаесеттиот век. Марксизмот главно е втемелен врз нивните теории фокусирани на ослободувањето на пролетеријатот од експлоатацијата на капиталистичката класа и заложбата за воспоставување на ново бескласно општество, со еднакви можности за сите (Маршал, 2004).Марксистичката теорија како социјалутопистичка идеологија и општествена теорија е една од највлијателните правци во меѓународното работничко движење во деветнаесеттиот век, а подоцна е актуелна и синтагмата

[1] Стефан Васев_vasevfzf@gmail.com

марксизам-ленинизам-титоизам, со којашто се означува една од идеологиите на комунистичките уредувања во дваесеттиот век.

Прикажувањето на феминистичкото движење и статусот на жената и женското прашање во марксизмот има за цел да ги прикаже погледите од една друга казуа т.е. родовите односи и родовите теории во марксистичкото движење во втората половина на деветнаесеттиот век и социјалистичко-комунистичкиот период. Тргнувајќи од прикажувањата на актуализацијата на женското прашање во делата на Карл Маркс и Фридрих Енгелс, а подоцна и на другите активисти и следбеници на макрксизмот, како што се Аугуст Бебел, Пол Лафарг, Клара Цеткин, Владимир И. Ленин, Роза Луксембург, Александра Колонтај, Силвија Волби, Мишел Барет и многу други автори кои го поврзувале женското ослободување со идеологијата на марксизмот (Đorđevič, 1975).

Евидентно е дека женското движење кое се појавило во деветнаесеттиот век, а особено зајакнато кон крајот на овој век и почетокот на дваесеттиот век, било дел од теориите на марксизмот, со што анализирајќи ги делата и работата на Карл Маркс и Фридрих Енгелс женското прашање е традиционално поставувано во теориите и заложбите за воспоставувањето на едно ново општество, засновано на револуционерни (коренити) промени, а во кое првенствено ќе се реализира утописките идеали за еднакви права, еднакви приходи и рамноправното користење на општествените ресурси. Истражувањата за релациите на феминистичкото и марксистичкото движење даваат јасен социолошки контекст за тоа да се види каде во делувањата овие две движења или теории се доближуваат, а каде „можеби“ се раздвојуваат (Đorđevič, 1975).

Сепак, критичкиот аспект присутен во феминизмот, врз марксистичкиот феминизам е присутен во многу теории. Авторите на либералниот, радикалниот и други правци во феминистичката теорија ставаат акцент врз неуспехот на марксистичкиот феминизам врз влијанието на марксизмот во однос на женското прашање, во тоа време. Следствено на тоа, за да се преиспитаат теориите и заложбите на марксистичките феминисти/ки за нивниот придонес кон промената на положбата на жената во општественото уредување кое го заговарале теоретичарите на марксизмот, од есенцијална важност ќе биде положбата и третманот на жените во социјалистичките држави, но не само во СССР како прва социјалистичка држава која ги воспоставила и практично ги применила теориите на марксизмот, туку и во другите држави во кои по Втората светска војна било воспоставено социјалистичкото уредување.

## Појавата на марксизмот и неговото поврзување со женското прашање

*„Филозофите само различно го интерпретираа светот, станува збор за тоа тој да се измени"*
Карл Маркс

**Општествен контекст**: Марксизмот несомнено бил еден од највлијателните правци во меѓународното работничко движење во деветнаесеттиот век, а подоцна како марксизам-ленинизам, станува првенствено идеологија на комунистичкото движење во дваесеттиот век (Atkinson, 2011). Во текот на животот на Маркс, марксизмот бил далеку помалку влијателен отколку по неговата смрт во 1883 година. Оттогаш, марксизмот започнал да ја зацврстува својата позиција како највлијателна идеологија на новоформираните работнички партии во Западна и Средна Европа и во Северна Америка. Оттука, за да одговориме на прашањето за појавата на марксизмот и неговото влијание врз движењето за ослободувањето на жените и борбата за нивните права, пред сè треба да го имаме предвид контекстот на деветнаесеттиот век. Станува збор за пресвртно столетие во западната историја на човештвото. Француската буржоаска револуција од 1879 година го означила преломот или преминот од феудалниот општествено- политички систем во капиталистички. Капитализмот бил во подем и се заострувале спротивностите меѓу капиталистичката и работничката класа, а експлоатацијата на владејачката класа добивала енормни размери. Жените излегувале на слободниот пазар на трудот, влегувале во фабриките и на другите новоотворени работни места и се соочувале со суровоста на заработувачката и преживувањето. Тоа го означувало времето кога се наметнувале прашањата за социјалната правда, почетоците на социјалната работа како професија, движењето на феминизмот (пред сè класичниот либерален и христијанскиот) кои на почетокот не биле врзани со класната поделба на работничките, туку со освојување првенствено на правото за образование и правото на глас (Milivojevič, 2011). Тоа е протест против вековното потчинување на жените од патријархалните структури. На општествената сцена се појавило и работничкото движење чии заложби биле насочени против класната експлоатација. Социјалистичкиот феминизам ќе ја поврзе својата борба за освојување на правата со класната борба (Ѓуровска, 2008).

Паралелно со новите изуми кои го унапредуваат производството во трката по профит, со подемот на природните науки во општествените науки се појавиле и теории кои ќе понудат похумана визија за општеството. Консеквентно на тоа ќе ги спомeнеме социјалутопистите, чии дела извршиле влијание врз

Марксовата мисла. Тие понудиле нови концепти за преобразба на старото и за уредување на новото општество, како и нови концепти за односите меѓу мажите и жените и нова практика во експерименталните кооперативни општествени заедници (Ташева, 1999). Овде накусо ќе ги спомeнеме сфаќањата (теориите) на најзначајните претставници на социјалутопизмот, како што се Сен Симон, Шарл Фурие и Роберт Овен.

Сен Симон пропагирал укинување на ропството на жените и слободна љубов и создавање на слободни заедници на мажите и жените.

Шарл Фурие ги откривал историските корени на потчинетоста на жената и критички пишувал за сексуалното угнетување на жените, како и за нивната положба во општеството. Согледувајќи ги последиците од економската зависност на жените, Фурие сметал дека бракот бил единствената можност за жените да ја обезбедат својата егзистенција, та оттука бракот претставувал дури и прикриена проституција. Во фаланстерите што Фурие ги основал како модел на своето утописко општество, жените економски не биле зависни од мажите, туку целосно рамноправни (еднакви).

Роберт Овен, еден од најпознатите британски претставници на социјалутопизмот бил соработник на феминистичките списанија кои започнале да се појавуваат. Во тој период во Англија, жените започнале да се вклучуваат во работничкото чартистичко движење и заеднички се организирале во барањата за правото на глас. Овен, истакнувал дека религијата и бракот се изворите на сите зла и дека би можеле да се отстранат само со просветлување. Во своите колонии во Њу Ларнак во Англија, и во Општината Њу Хармони во САД, ги организирал врз комунистичките начела и во нив жените уживале еднакви права со мажите (Milič, 2011).

## Родовата проблематика во делата на Карл Маркс и Фридрих Енгелс

*„Еманципацијата на жените ќе биде можна само кога жените можат да учествуваат во големо производство, а домашната работа не бара повеќе од незначителен износ од нивното време“*

Фридрих Енгелс

Во трудовите на Карл Макрс и Фридрих Енгелс како и кај подоцнежните теоретичари на марксизмот се наоѓаат голем број на идеи и ставови коишто не само во историски контекст, туку и во современиот свет се дефинираат како „женски прашања“, односно проблематизирање за општественото ослободување на жените. Всушност како и самата основна дефиниција за

марксизмот дека „*марксизмот е теорија која го објаснува светот, за да го менува*" и токму во тој правец како теорија претставува инспирација за повеќето општествени, политички, кулурни и други акции на различни групи, за маргинализирањето и угнетувањето од страна на буржуите. Со тоа се објаснува широката и значајна обнова на марксизмот и неговото прифаќање како на развиените современи идеи (или мисли за жените), така и во организациите, акциите и програмите на разните движења за ослободување (Đorđevič, 1975).

Карл Маркс не ја сметал жената како влијателен фактор во револуционерниот пресврт во општеството, но жената имала значајно место во неговата општа револуционерна теорија, и тоа не само поради нејзината положба како општествена група која е под влијание на класното општество или само на економското потчинување. Тој во повеќе наврати давал анализи, не само за политичката положба за жената во општествените услови во кои и тој самиот живеел, туку утврдил и низа гледишта и вистини кои ги измениле дотогашните теориски и политички расправи за „природата на ропството" на жените, како и за можностите за нивната еманципација што ја сочинувале основата на современите општествени науки во однос на женското прашање (Đorđevič, 1975).

Маркс спаѓа можеби помеѓу првите мислители кои женското прашање го сфаќале како целокупно и специфично прашање, изразувајќи ги своите ставови не само за нееднаквоста, доминацијата, експлоатацијата, и воопшто потчинувањето на жените во класните општества, туку и за суштината на односите меѓу половите и за длабочината и значајноста на љубовта. Маркс не измислувал нова теорија за жените и нејзината еманципација, тој ги утврдил основите и ја збогатил содржината на таквата теорија. Во таа теорија се наоѓал одекот на промените и подобрувањата во општеството и човековата мисла, кои се резултат на општествени, политички и интелектуални борби во периодот од Францускатa револуција до средината на деветнаесеттиот век, и подоцна.

Од антрополошка гледна точка, теориите на Маркс и Енгелс од аспект на родовите (женските) прашања можеме да ги поставиме врз одредени темели на наука која се заснова токму на културата како основно човеково усовршување. Основните темели на оваа теорија биле дека човекот е дар на природата и природно битие, а истовремено и претставник на својот вид. Човековата природа не е ништо што е всадено во човекот, тој има природни апетити и стремежи, но начинот на кој тој ги задоволува, се условени од општествената и економската револуција која вклучува уметност и морал.

Кога човекот ја смета жената како стока или пак како личност која треба да му подготвува храна, тој се одрекува од еден дел од својата природа како зададено. Личната свест за другиот (различен) пол е едно историско остварување, придонес на човекот за осознавање на сопствената природност. Сфаќајќи ја жената како човечко битие која има различна свест, човекот прави чекор напред спрема една потреба која „не е природна", односно биолошка, туку природна во однос на човековата природа (Фридл, 1999).

Оваа теорија (идеја) волуменозно ја развиваат Карл Маркс и Фридрих Енгелс во делото *Германската идеологија.* Во поширока смисла, од претходно изложеното може да се заклучи дека тие го утврдувале општествениот статус на жените (воопшто, општествената положба на жената) првенствено во функција на материјалните промени во основата на општеството, како и промена во општествените односи, вклучувајќи ги тука и сексуалните, моралните и духовните односи (Маркс; Енгелс, 1988).

Прифаќајќи ја оваа мисла, Маркс и Енгелс во Комунистичкиот манифест изнеле уште некои од аргументите во однос на новото општество (комунистичко), спрема жените кои денес ги сочинуваат основните поими и елементи во анализата на женските прашања. Тие истакнуваат дека во постојните буржоаски општества, жените ги третираат како објекти и ја сметаат жената како своја сопственост (Маркс; Енгелс, 1986).

Иако марксизмот како теорија не се занимавал премногу со прашањата за жените и нивното потчинување, но сепак исклучок во овој поглед претставува познатото дело на Фридрих Енгелс *Потеклото на семејството, приватната сопственост и државата*, но и делата на Аугуст Бебел *Жените и социјализмот*, како и Лафарговата студија *Проблемите на жените.* Токму во овие дела се разработени огромен број на дел од идеите за жените во марксистичката идеологија (теорија), за нејзината положба во капитализмот и во идното комунистичко општество. По овие пионерски (почетни) дела, марксиситчката мисла била делумно насочена спрема жените и нејзините општествени проблеми. Меѓутоа, без делата на Карл Маркс, Фридрих Енгелс, Аугуст Бебел, а подоцна и на Владимир И. Ленин, современата литература за жените, не би ги покажала своите резултати и квалитети и не би бил постигнат значајниот придонес кон овие прашања во марксистичките инспиративни теоретичари и автори (Đorđevič, 1975).

Марксистичкиот придонес за проблемот на родовата различност бил да го претстават тоа во историски и политички услови. Статусот на жените, како што наведувале марксистите, е резултат на процес на доминација воден од експлоатацијата, која можела и морала да биде надмината. Од оваа

перспектива, битката на родовите е тесно поврзана со класната борба, секако таа била фундаменталната форма на таа битка. Според Енгелс „*првиот класен обид кој се манифестирал себе си, историски се совпаднал со развитокот на антагонизмот помеѓу мажите и жените во бракот, а првото класно угнетување се совпаднало со женското угнетување*“ (Енгелс, 1988: 23).Оттука акцентот и целта на политичката борба е да се урне капитализмот и семејството, кои се сметале како два бастиони на буржоаската моќ (а секоја моќ е буржоаска) (Baret, 1983).

Евидентно е дека Карл Макрс ги поставил темелите на една нова и смела наука, која ја открива класната борба како моторот на историјата и ја истакнувал улогата на работничката класа во конечното укинување на капиталистичкото уредување и воспоставувањето на едно ново општествено уредување во кое ќе се разрешуваат многу од контрадикторните противречности на постојната цивилизација. Неговото дело, кое созреало и се развивало (во соработка со Фридрих Енгелс), до крајот на деветнаесеттиот век, ја извршило длабоката критика и ревизија на дотогаш општоприфатените сфаќања за човекот и општеството (Despot, 1987), а со тоа и на жените.

Главните интереси на Карл Маркс и Фридрих Енгелс главно се фокусираат на класното угнетување и угнетувањето на работничката класа од страна на капиталистите, но често го поставувале своето внимание и на женското угнетување или потчинетата положба на жената во капиталистичкото опшество (буржоаско опшество). Нивниот интерес за овие теми подетално бил проучуван во книгата *За потеклото на семејството, приватната сопственост и државата*, која била напишана и објавена од страна на Фридрих Енгелс во 1884 година, а ова дело го напишал користејќи го широкиот спектар на белешки кои ги напишал Маркс во годините пред неговата смрт во 1883 година. Основните поставки на оваа книга биле (Енгелс, 1988):

Потчинетоста на жените не е резултат на нејзините биолошки карактеристики, кои се несомнено послаби (од мажите), туку произлегуваат од социјалната структура на општеството кое има многу специфична историја и структура, кое без сомнение може да се уредува и надградува. Базата на потчинувањето на жените се наоѓа во потчинувањето во семејството, институцијата која има свое потекло и во таа форма која постои во комплексните општества, во повеќето случаи системот на субординираност ја поставува доминантната улога, именомажот. Основните карактеристики на семејството во западните општества наидуваат на ставот дека тука се собираат една двојка (маж и жена) и нивните деца кои се поврзани во едно домаќинство. Ова домаќинство е „патрилинерално“, бидејќи потеклото и карактеристи-

ките на потомците се следат по машка линија – „патријархално семејство“, а власта се стационира во рацете на една личност – сопственост, имено мажот. Та оттука, жените кои не работат надвор од семејниот дом и не се економски независни, стануваат зависни од својот сопственик- господарот –мажот (Енгелс, 1988).

Енгелс во неговото дело понатаму наведува дека ваквите односи во текот на поголемиот дел од човековата предисторија, семејството по неговата структура не било од ваков тип. Наместо тоа, луѓето се поврзувале со пошироки роднински врски, племиња, кои биле широко распространети, како племиња на луѓе, поврзани по крвно сродство. Овие роднински врски се формирале по женска линија (матрилинеарен систем на сродство), што било логично според природата на жената и нејзината репродуктивна улога и следењето на потомството по мајката, дури и дека во овие општества владеењето било во целост во рацете на жените со значителна пазарна моќ од нивна страна. Преминот од матријархатот во патријархатот се случил во периодот кога се воведувало одгледувањето на стоката, обработувањето на металите и земјоделството. Жените кои имале голема општествена улога (биле мајки и по нив се определувал родот и наследството) со појавата на бракот (моногамен брак) станале предмет на купување и размена (Енгелс, 1988).

Следејќи ја оваа теорија на Енгелс што ја изложил во неговото дело, се застапувала тезата дека жената станала приватна сопственост прво на таткото во семејството, а потоа на сопругот. За приврзаниците на марксистичкиот феминизам, укинувањето на матријархатот претставувало светски историски пораз на женскиот пол. Мажите ја потчиниле жената и ја грабнале во сопствениот дом како приватна сопственост, лишена од сопствената индивидуалност и достоинство. Според оваа теорија, појавата на моногамниот брак (кој е заснован врз грешни и патријархални основи) е виновна за потчинувањето на жените од мажите. Моногамијата никогаш не била плод на индивидуалната сексуална љубов, речиси и немала никаква поврзаност со љубовта, туку моногамијата единствено била воспоставена заради економски причини. Според Енгелс, „*моногамниот брак е најдобриот пример за воспоставените односи помеѓу мажот и жената не врз природни одлики, туку врз економски причини и услови*“ (Енгелс, 1988: 54).

## Женското прашање во делата и во теориите на Аугуст Бебел и Владимир И. Ленин

*„Капиталистите се подготвени да ни ја продадат и ортомата со која ќе се обесиме"*

Владимир И. Ленин

Од истакнатите марксистички теоретичари кои покажувале интерес за женското прашање, давајќи го својот придонес во потврдата на развојот и конкретизирањето на основата на марксистичките темели за жените, за нејзиниот статус и ослободување, накратко ќе ги изложиме творештвата на Аугуст Бебел и Владимир И. Ленин.

Аугуст Бебел го објавил делото *Жената и социјализмот*, кое прв пат било објавено во Германија во 1879 година, а во кое потпирајќи се на учењата на Карл Маркс и Фридрих Енгелс, на популарен начин опширно го изложува историјатот на женската потчинетост, социјалистичката теорија на женското ослободување, како и на перспективите на жената во социјализмот. Бебел ги поддржувал и другите современи феминистички идеи и движења, особено движењата за образование на жените. Сметал дека жените, воопшто, а особено трудбеничките, се должни да учествуваат во движењата за преобразба на општеството, бидејќи истовремено со укинувањето на класното владеење на човек над човек, тука станува збор и за ослободување на жената т.е. укинување на доминацијата на мажот над жената (Babel, 1956).

Тргнувајќи оттука ослободувањето на жените од експлоатацјата и доминацијата е во зависност од основната промена на општествената (капиталистичка) структура. Аугуст Бебел (како Енгелс) сметал дека потчинетоста на жените не започнала со капитализмот, затоа што чувството на инфериорноста е „длабоко всадено во женскиот дух", и тоа се изразувало на подрачјето на коешто се навикнале, а со тоа и природата ја сфатиле до тој степен дека таа им е предодредена положба. Како што наведува Бебел „*жената била робинка уште пред да настапи ропството*". Оттука, Бебел заклучил (интерпретирајќи го и ставот на Енгелс) дека ослободувањето на жените неможе да се изврши само преку патот на револуцијата, тоа било само почеток на еден долг процес на еманципација на жените (Babel, 1956).

Иако бил под влијанија на социјалутопизмот, Бебел никогаш не го напуштал контактот со проблемите на своето време и внимателно се чувал од секој догматски метод, дури и кога ги разработувал Енгелсовите мисли. Енгелс токму затоа го ценел и ги изразувал овие негови квалитети, како и квалитетите на неговиот

лик и дело кои во тоа време сѐуште останувале како единствената монографија за женското прашање во социјализмот, иако во низа од прашањата веќе биле застарени и надминати во подоцнежниот развој на феминистичко-социјалистичката мисла (Babel, 1956).

Владимир И. Ленин пишувал за женскиот проблем, главно по победоносната Октомвриска револуција, кога таа се појавува како конкретно животно прашање во новото општество, а кое произлегувало од „утробата“ на едно заостанато и патријархално општество, вклучено во познатата структура заснована на принципот на машката хиерахрија на бог-цар-татко-маж. Како и во другите области во којшто делувал и создавал Ленин, така и во однос на женското прашање останал достоен на идеите на Карл Макрс и на Фридрих Енгелс, но и дал оригинален придонес кон развивање на нови идеи и сфаќања. Ленин својот интерес го насочил кон постојните односи на мажите и жените во општеството и преку заземање на конкретни мерки и политики ја вклучил идејата за женската општествена еманципација, како и вклучување на жените во политичкиот живот во СССР. Тој исто така говорел и за новите односи во областа на приватната/домашната сфера и домашниот труд на жената кој бил неплатен и не бил вреднуван труд (Наваj, 2018).

Несомнено е дека Ленин е прв марксист кој како водач во првата социјалистичка државата (СССР) дал голем придонес кон конкретното ослободување на жените како и за подигнувањето на свеста на жените од Советскиот Сојуз. Остварувањето на големите идеи е акт на неговото создавање и имало за цел не само практично-критичка, туку и теоретска вредност. Оттука неспорен е фактот дека Ленин придонел кон задолженијата што ги имале следните социјалистички системи и држави да си ја завршат својата задача за женското ослободување, а со тоа и значително ги потврдил теоретските основи на марксизмот за женското прашање. Во однос на љубовта, запрашан Ленин од страна на неговиот личен пријател Шарл Рапапор што мислел на таа тема, тој одговорл: „*Тоа е приватна работа на секој човек, и од неа не може да се лиши*“(Lenin, 1905/06).

## Марксизмот како поттик на жените за менување на светот и освојување на женските права

*„Ако луѓето молчат, наша должност е да ги поттикнеме да го кренат својот глас за одбрана на нашите идеали“*
Клара Цеткин

Како и секој вистински политичко-идеен проект на една класа или човечка група која сака да го менува светот и себе, во него, движењето на работничката

класа имало потреба да ги дефинира своите решенија за овие прашања, спротивставувајќи се на сфаќањата и идеите на владејачките буржуи, и со преземањето на нивниот предизвик, да настојува да го замени со своите нови и радикални предизвици. Во такви услови и одговарајќи на барањата на работничката класа, целосното социјалистичко движење, неговите водечки теоретичари како и нивните оригинални идеолози, Карл Маркс и Фридрих Енгелс, ја формулирале својата теорија за ослободување на работничката класа и човекот, така што во нивниот контекст, а делумно и преку тоа, се доаѓало до теоријата за жената и за нејзината еманципација (Despot, 1987).

Маркс и Енгелс „не филозофирале" за жената, туку напротив ја вклучиле во процесот на промени за нејзино сопствено афирмирање и ослободување, а пред сè дале теоретски елементи за да се разбере „жената" како она што била низ историјата, она што е денес, и она што може да биде кон патот на својата сопствена афирмација/еманципација.

Значителен број на жени се вклучиле во работничкото движење (пролетеријатот) во остварувањето на поправедно општество врзувајќи ги истовремено и своите цели за еманципација. Во овој контекст, особено важна личност по своето дејствување во оваа насока била Клара Цеткин, марксистичка теоретичарка и борец за женските права во социјализмот. На Втората интернационала, во 1889 година во Париз, во чија организација учествувала, Клара Цеткин го одржала своето предавање за прашањето на жените коешто придонело кон поголемото и посилно вклучување на жените во социјалистичкото движење. Несомнено дека нејзините заложби и активности ги поставиле основите и темелите кон еманципацијата на жените во социјализмот. Цеткин ја застапувала тезата дека социјализмот и феминизмот се меѓусебно тесно поврзани. Таа остро се спротивставувала на мислењето на одредени другари од движењето дека работата на жените требало да биде укината, бидејќи со тоа се намалувала платата на мажите. Според Клара Цетник (Schulte, 2014):

*„Оние што на својот транспарент го имаат напишано ослободувањето на сето она што носи човеков лик, не смеат преку економската зависност да осудат цела половина на човеков род на политичко и социјално ропство. Како што работникот е заробен од капиталистот, така е жената заробена од мажот, и таа ќе остане заробена сè додека не стане економски независна од мажот. Неизбежен услов за ваквата економска независност е работата. Ако сакаме да ги направиме жените слободни човечки суштества, рамноправни членови на општеството заедно со мажите, тогаш не е потребно ниту укинувањето на работата на жените ниту нејзиното ограничување, освен во одредени одделни исклучителни случаи"* (Schulte, 2014).

Цеткин ја водела редакцијата на социјалдемократскиот весник за жени „Еднаквост“ цели 25 години, а истовремено започнала и со редакција на прилогот за жени во „Лајпцигер Фолксцајтунг“ и на тој начин го формирала духовниот центар и гласноговорник за растечкото работничко женско движење. Таа вложувала огромни напори во насока на политизација на работничките во рамките на социјализмот. Нејзината борба за економска независност на работничките и на сите жени, била проследена заедно и со борба за еднакви плати и застапување на интересите на женитемајки за државата да пронаоѓа начини за чување на децата надвор од домот. Конечно, Меѓународниот ден на жената, кој за прв пат бил прославен во 1911 година, потекнувал токму од нејзината идеја.

Во однос на семејството, домашната сфера, Цеткин говорела за бракот како за здружување на двајца рамноправни партнери кои меѓусебно се почитуваат и рамноправно ги делат домашните задолженија, без воопшто да има полови стереотипи. Во таа насока Цеткин потенцирала дека:

*„Како што мажот и жената се заедно како создавачи на нов живот, така тие треба да бидат заедно и како воспитувачи на детето, бидејќи воспитувањето е втора творба на детето, а во најразлични односи честопати и најважна творба. Обврска на родителите е своите момчиња или девојчиња да не ги вовлекуваат во предрасудите за тоа дека постојат машки или женски работи. Момчињата и девојките треба сите задачи кои ги носи домаќинството и животот со себе да можат да ги извршуваат со подеднаква спремност и радост“* (Schulte, 2014).

Клара Цетник исто така посочила дека разводот, „слободната љубов“ и прекинот на бременоста се приватна одлука на секоја жена и се залагала против двојниот морал.

Спротивставените ставови во германските социјалдемократи по прашањето за војната, завршиле со поделба на гурпата на „радикално левите“ сили околу Карл Либкнехт и Роза Луксембург, каде во 1917 година ја формирале т.н. независна социјалдемократска партија (УСПД), подоцна (КПД) Комунистичка партија на Германија. Кон оваа група припаѓала токму и Клара Цеткин, која била блиска пријателка со Роза Луксембург. На Цеткин, по овој настан ѝ била одземена редакцијата „Еднаквост“ во која била уредничка. Во КПД била член на Централниот комитет од 1919 до 1924 година, а на втората Меѓународна конференција на жените, била прогласена за директорка на Западноевропскиот меѓународен секретаријат на жените во Коминтерната (Тебо, 2018).

## Поврзување на марксизмот со феминизмот

Евидентно е дека марксизмот како теорија може да се поврзе со прашањето на женската емаципација и во крајна линија со феминистичката теорија. Со оглед на двовековната историја на феминистичкото движење кое произлегува од различни теоретски премиси, многу автор/ки го поставувале прашањето токму за поврзувањето на овие две теории, имено марксизмот и феминизмот во т.е. марксистички феминизам. Несомнено е дека феминистичката теорија е суштински различна од марксистичката теорија, бидејќи пред сѐ феминизмот мора да се фокусира на родот и на сексуалноста, повеќе отколку само од материјалните услови во која било идеолошка конструкција. Според марксистичките феминисти/ки, само синтезата помеѓу овие две теории (феминизам и марксизам) и нивното практично спроведување можело да резултира со конечната еманципација на жените. Оттука, целта на марксистичкиот феминизам е да ја прикаже материјалната основа на угнетувањето на жените, врските меѓу начините на производството како и статусот на жените и овие теории да ги примени за жените и класите во домашната сфера/семејството. Во тој контекст, американските марксистички феминисти/ки создавале единствена теорија за социјалната нееднаковост на жените (Ивановска, 2007).

Ненси Хартскок тврдела дека материјалната основа на нееднаквото егзистирање на жените е содржана во самата свест кај жената. Па оттука, само марксистичкиот феминизам (според Хартскок) имал посебна теорија за релацијата меѓу создавањето на внатрешното искуство на жените и нивниот социјален живот. Тој бил заснован на практиката која ги поврзувала свесното суштество и социјалната каузалност. Иако постојат многу варијанти на марксистичкиот феминизам, радикалните феминисти/ки тврделе дека ниту еден од нив не се зафаќа изворно со „женското прашање“, бидејќи нивните теории неизбежно мораle да ја инкорпорираат феминистичката анализа на марксизмот (Milič, 2011).

Еринрајк Барбара посочувала на тоа дека *„како марксисти, ние дојдовме до феминизмот од сосема поинакво место од т.н. „механички марксисти“ бидејќи ние го сметаме монополскиот капитализам како политички, културен и економски тоталитет, ние имаме простор во нашата марксистичка рамка за феминистичките прашања кои наизглед немаат ништо заедничко со производството или со „политиката“ и се прашања кои имаат врска со семејството, здравствената заштита и приватниот живот“* (Еринирјак, 2010). Таа социјалистичкиот марксизам го наведувала како многу позначаен отколку само теоретскиот марксистички феминизам. Според неа, марксизмот

се концентирал само на класната динамика на капиталистичкото општество. Секој општествен научник знае дека капиталистичките општества се карактеризираат со повеќе или со помалку остра, системска нееднаквост, а феминизмот сепак треба да се концентира на една поинаква нееднаквост.

Интересен став кој го пренесува Еринрајк Барбара е дека, сите општества ги одбележува одреден степен на нееднаквост помеѓу половите, а ако само површно ги истражиме сите општествени заедници, низ историјата и континентално, ќе забележиме дека единствената заедничка карактеристика ќе биде потчинувањето на жените и машкиот авторитет, како во семејството (приватната сфера) така и во заедницата (јавната сфера).

Оттука, марксистичкиот феминизам делумно бил критикуван од страна на разни теоретичар(к)и и движења, без разлика дали во или надвор од феминистичкиот круг. Радикалните феминисти/ки го критикувале бидејќи акцентот главно бил ставен само врз класното општество, а не на патријархатот како извор на угнетувањето на жените (Ritzer, 1997). Австрискиот економист Лудвиг фон Мизес, пак, го критикувал марксистичкиот феминизам со тезата дека појавата на класното општество и државата, всушност, воспоставиле правна рамка врз чија основа жените низ историјата постепено можеле да ги остваруваат своите права (Milič, 2011).

## Влијанието на марксизмот во социјализмот и „успехот" на женското ослободување

*„Оние кои не се движат, не ги забележуваат своите окови"*
Роза Луксембург

Марксистичката мисла и социјалистичкиот концепт, воопшто, извршиле во скоро цела Европа најсилно влијание на воспоставувањето на проблематиката за жените и на нејзиното ослободување. Тоа е особено впечатливо во оние земји во кои се градело социјалистичкото општествено уредување. Секако дека нема да биде точно тврдењето дека во секоја социјалистичка држава на ист начин се поставувале и решавале проблемите за женското ослободување и нејзината еманципација. Евидентно е дека еднаквост нема помеѓу нив ниту во теориите, ниту во програмите, а ниту во законитостите и праксата. Секако тоа не било ни возможно да се очекува, затоа што и самиот социјализам како форма не е униформен (унитарен, единствен) и надворешно дигигиран процес

како идеја поставена и инспирирана од марксистичката теорија за општествено уредување. Во крајна линија се застапувал и ставот дека „*унитаризмот води кон униформност, а плурализмот го придружува силата на единството*“ (Đorđevič, 1975).

Правото нема можност во целост и во сè да ја ослободи жената и да ги реши сите нејзини витални прашања иако правната рамноправност е значајно средство во тој процес. Социјалистичкото право било и останало голема поддршка во остварувањето на правата на жената, во светот. Владејачката политичка мисла во социјалистичките земји начелно не ги напуштила марксистичките идеи за женските прашања, но често во програмите, а особено во праксата, ги разработувале помалку или повеќе арбитражно и прагматски, односно спрема проценката на силата, под притисок на „државната причина“ и демографските политики. Сите големи марксистички мислители често ја истакнувале експлоатацијата на жената и доминацијата на мажот. Иако голем број научници од областа на општествените науки, денес, посочуваат дека таквата „машка власт“ во системот на социјализмот (социјалистичката власт) која ја потчинува жената, останала само како политичка идеја и програма, дури и само на теоретска концепција, а идеолошката и политичка борба на жените останала да се води во рамки на сопствената идеологија (социјализмот), но овој пат со своите партиски „машки“ другари (Астеруд, 2009).

Сепак, несомнено е дека жената, скоро во целиот свет (особено во социјалистичките држави) го освоила правото да од предмет (теориски: објект), стане субјект во политиката, иако и самите социјалистички феминисти/ки го потврдувале ставот дека жената во целосна смисла не го освоила подиумот на политичката моќ. Жената и понатаму останала надвор од центрите на моќта каде се планирала политиката и каде се носеле одлуките за „заедничкиот интерес“ на граѓанството и народот. Политичката стратегија останала надвор од влијанието на жените, затоа што таа била надвор и од влијанието на масата. Ослободувањето на работата и самоуправувањето биле историската алтернатива во вековната пракса на политиката. Тоа го сочинувало самоуправувачкиот социјализам на еден од новите услови за ослободувањето на жените (Đorđevič, 1975).

Со оглед на тоа, жените често избегнувале да држат „машки“ говори (сметајќи ги како снобовски и моќни) и започнале да создаваат политика, особено „своја“. Марксизмот често ги иницирал сентименталните изјави и утописките стремежи во поглед на ослободувањето на жените на ниво на модерни науки, што воедно истовремено придонесувало и кон средство за една насочена и масовна ослободувачка акција. Социјализмот со својата идеја, за проектот и

праксата (без оглед на нејзината ограничена можност), укажувал на условите и на патот за конечното решавање на „женското прашање".

Индивидуализмот и либералната мисла ја губеле сè повеќе својата привлечност и влијанијата за решавањето на животните прашања во тој период. Една алтернатива во оваа философска и политичка декаденција претставуваат токму, марксизмот и социјализмот. Марксистичкиот концепт за тројниот принцип на социјализацијата-хуманизацијата-слободата (кои ги содржувал социјализмот) се составен дел од современите женски студии, а овој концепт со сигурност станал проект за промени на општествената стварност, пресврт во општите општествени односи, кои ја условувале таа стварност. Тоа влијаело кон тоа борбата на жените да добие не само општ политички, туку и значаен историски придонес (Đorđevič, 1975).

## Заклучок

Според историскиот осврт кои може да даде јасен очиглед кон ставот на марксистичката теорија (идеологија) за тоа дека исходиштата на женското угнетување потекнуваат од капиталистиката (буржоаска) класа, а не само од патријархатот нè води кон еден период на класна борба и феминистичко движење кое во голема мера се фокусирало врз поголеми општествени промени, а не само во делокругот на своето идеолошко делување. Првата држава каде, можеби, се воспоставил системот на социјализмот (учењето на марксизмот), вклучително заедно со идеите за женското ослободување, имено СССР, дава и егзактно испитување во сферата на женското ослободување во тој период. Иако голем број жени се вклучиле во работната сила (фабрики, безбедносни служби, кујни, просвета итн.), а со тоа се овозможувала и економска независност на жената, сепак социјализмот неуспел докрај да ги реализира своите конкретни учења во однос на феминистичката идеја и теорија.

Евидентно, марксизмот во своите теории ја подигнал свеста на самите жени дека исклучиво самостојно треба да се изборат за своите права (т.е. за нивно ослободување), овие теории го насочувале својот акцент кон тоа секој поединец самостојно да се избори за она што го смета за исправно, или во крајна линија исправно за сопствената кауза. Несомнено, марксизмот и во поглед на „женското прашање" се задржал на својата основна идеја, а тоа е учењето за општеството и економијата со посебен акцент врз економската експлоатација од страна на капиталистите. Овие идеи биле главниот причинител врз кои на сиромавиот човек му се става до знаење дека тој е подреден и дека треба да

прима наредби, а дека високата класа е таа која ги креира плановите за пониската класа. Иако ставовите за женското ослободување се наоѓаат(ле) често низ марксистичката литература, сепак таа се задржувала на основната идеја за економската експлоатација.

И на крајот, конечно може да заклучиме дека односот на марксизмот спрема феминизмот, или спрема положбата на жената во општеството и во домот е повеќедимензионален. Во својата општа теорија за општествената трансформација, марксизмот е по традиција припадник на радикалната демократска мисла, а дури и пред марксистичкиот социјализам ги дефинирал основните проблеми за жените каде се сфатени како човечко битие чија еманципација е услов и мерило за целосна општествена и човечка еманципација (Milojevič; Markov, 2011).

## Литература

Atkinson, S. (2011). The Philosophy Book: Big ideas simply explained, London, Dorling Kindersley Limited.

Baret, Mišel (1983). Potčinjena žena. Beograd: Radnička štampa.

Bebel, A. (1913). Žena i socijalizam, Zagreb,Naša snaga.

Despot, Blaženka (1987). Žensko pitanje i socijalističko samoupravljanje. Zagreb: Centar za kulturnu djelatnost.

Đorđevič, J. (1975) Žensko pitanje: antologija marksističkih tekstova, Beograd, Radnička štampa.

Markov, S.; Milojevič, I.; (ur.) (2011). Uvod u rodne teorije, Novi Sad, Mediteran Publishing.

Milič A. (2011). „*Marksistički i socijalistički feminizam*" – во Milojevič, I.; Markov, S. (ur.); Uvod u rodne teorije, Novi Sad, Mediteran Publishing;

Milojevič, I.; (2011). „*Tri talasa feminizam, istorijski i društveni kontekst*" – во Markov, S.; Milojevič, I.; (ur.). Uvod u rodne teorije, Novi Sad, Mediteran Publishing;

Астеруд, К. (2009) Феминистички теории за политиката, Скопје, Евро Балкан Пресс.

Ѓуровска, М. (2008). Социологија на женскиот труд, Скопје, Филозофски факултет.

Диби, Ж.; Перо, М. (ур) (2018). Истортија на жените V том; Скопје, Филозофски факултет.

Енгелс, Ф. (1988). Потеклото на семејството, приватната сопственост и државата, Скопје, Комунист.

Марковска, С.; Симоновска, С. (ур) (1999). Антропологија, зборник – текстови, Скопје, Догер.

Маркс, К.; Енгелс, Ф. (1986) Комунистичкиа манифест, Скопје, Комунист.

Маркс, К.; Енгелс, Ф. (1988) Германската идеологија, Скопје, Комунист.

Маршал, Г. (2004). Оксфордски речник по социологија, Скопје, МИ-АН.

Наваj, Ф. (2018). „*Советскиот модел*" - во Диби, Ж.; Перо, М. (ур); Историја на жените V том; Скопје, Филозофски факултет.

Ташева, М. (1999). Социолошки теории, Скопје, Филозофски факултет.

Тебо, Ф.; (2018) „*Големата волја и триумфот на половата поделба*“ во Диби, Ж.; Перо, М. (ур); Историја на жените V том; Скопје, Филозофски факултет;

Фридл, Е. (1999) „*Расправата за определниците на половите улоги*“, во Марковска, С.; Симоновска, С. (ур); Антропологија, зборник – текстови, Скопје, Догер;

***Извор од електронски извори:***

*Lenin Collected Works*, (1905/1906). Progress Publishers, Moscow, Volume 10 (URL: https://www.marxists.org/archive/lenin/works/cw/pdf/lenin-cw-vol-10.pdf)

Schulte, E. (2014). „Clara Zetkin, socialism and womens liberation“, во socialistworker.org, march7, 2014. (URL: https://socialistworker.org/2014/03/07/clara-zetkin-and-socialism)

Ернирајк, Б. (2010) „Што е социјалистичкиот феминизам?“ (прев. Савевски, З.), објавено во Марксистичка интернет-архива (орг. WIN Magazine, 1976) (URL: https://www.marxists.org/makedonski/tematska/feminizam/socijalisticki-feminizam.htm)